РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-17
30.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Демократска унија за интеграција**

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитувани,

Внимателно ја разгледавме Вашата Претставка (наш УПП бр. 03-17 од 24.07.2025 година), доставена по електронска пошта, во која изразувате загриженост дека Телевизијата Алсат-М отстапува од професионалните стандарди во полза на, како што наведувате, одредена политичка коалиција, и оценувате дека со тоа се нарушува јавната доверба, еднаквоста на изборната трка и интегритетот на демократските процеси.

Имајќи предвид дека почитувањето на професионалните новинарски стандарди утврдени во Кодексот на новинарите, се предмет на саморегулација, Ве упатуваме Претставката, освен до Здружението на новинарите на Македонија, да ја испратите и до Комисијата за жалби на Советот за етика во медиумите на Македонија – СЕММ.

Агенцијата, како регулаторно тело, за начинот на известување за политичките субјекти може да постапува исклучиво за време на изборна кампања, врз основа на надлежностите утврдени во Изборниот законик и во согласност со принципите за медиумско покривање на изборите пропишани во член 75, член 75-а и член 76-а од Изборниот законик. Како медиум на државно ниво, ТВ Алсат-М вообичаено е вклучена во примерокот за надзор, а Агенцијата секогаш постапувала кога биле констатирани прекршувања на регулативата, што се гледа и од прилозите кои ги имате доставено кон Претставката.

Агенцијата ќе ја извести ТВ Алсат-М за Вашата Претставка, при што ќе апелира на почитување на професионалните стандарди во известувањето.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**По овластување на директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**